

Пештерите во Македонија преставуваат едни од многуте природни скриени  богатства во кои се крие голем туристички потенцијал. Во Македонија има  346 пештери, од кои стотина се јами или таканаречени пропасти.  Останатите се хоризонтални објекти. За најдлабок објект се смета  Солунска Глава со длабочина од 450 метри. Овој објект е и најголем на  Балкан от. Има извонредни украси од зелен мраз и сталагнити високи до 2 метра. Посебна е пештератаЗмејовец за која според легендата на Марко  Цепенков, во оваа пештера доаѓале луѓе од секаде, поради лековитата вода  што се наоѓала во пештерата.

Угледниот американски весник „Њујорк тајмс“ пишува дека Пештерата Пешна кај Македонски Брод е идентична со измислените волшебни пештери кои биле специјално

направени за снимањето на најпопуларниот филм на магијата и волшебството - Господарот на прстените.

Пештерата Пешна се наоѓа на 6 километри од Македонски Брод и е прогласена за споменик на природата. Според спелеолозите, Пешна е со најголем отвор на Балканот - таваницата на отворот е 30 метри висина.

Од крајниот северен дел на пештерата, по силни дождови и топење на снегот избива силен врутоk кој во сушните периоди од годината наполно пресушува. На влезниот дел на пештерата постои средновековна тврдина.

Според мештаните, врутокот е реката Пешна понорница, која според извесни теории е Крапската река која формира неколку езерца и водопади во „најголемиот пештерски систем кај нас“, за кој се претпоставува дека е долг неверојатни десет километри.

Остатоците од тврдината во пештерата се доведуваат во врска со месноста „Девини кули“ која се гледа од внатрешноста на пештерата. Според локалните легенди, на двете тврдини живееле сестрите на Крале Марко. Како што потврдуваат и промотерите на брендот на Крале Марко, „легендите велат дека на нејзиниот влез и навнатре била изградена тврдината на втората сестра на Крали Марко.“ Пешна е регистрирана како локалитет од доцноантичкиот период во Македонија. Во близина на селото Слатина, пред влезот на самата пештера е откриена гробница со свод од тули и страничен влез од западната страна.